# НОВИНАРСКО ОБРАЗОВАНИЕ: ОДРЖУВАЊЕ РАМНОТЕЖА МЕЃУ ТЕОРИЈАТА И ПРАКСАТА

## Теорија наспроти пракса

Новинарите го тврдат следното: Вештините најдобро се стекнуваат преку практична работа и надвор од училницата.

Според универзитетите, пак, новинарската работа бара теоретски знаења, а теоријата е таа која ја поттикнува праксата.

## Кој е одговорот на ова прашање?

- Не постои „победнички“ одговор. Новинарското образование треба да нуди теоретски, но и практични знаења и вештини.
- Прекумерниот број на теоретски предмети не нуди никаква корист во подготвувањето на идните новинари.
- Комбинирањето на практичните вештини со темелното разбирање на демократските процеси, како и стручните и етичките стандарди, ги „вооружува“ студентите со клучните демократски вредности.

## Придобивки од пракса во новинарското образование

- Ги подготвува студентите да се соочат со реалните состојби во новинарството.
- Ја зајакнува нивната способност за утврдување на веродостојноста на изворите на информации на интелигентен начин.
- Нуди можност за менторство од страна на искусни новинари.
- Обезбедува можност за стекнување работно искуство и излегување на пазарот на трудот.

## Придобивки на теоретското изучување

- Го подобрува квалитетот на извршување на работните задачи кај новинарите.
- Обезбедува темелна подлога за стекнување на неопходните вештини.
- Игра непроценлива улога во обликувањето на критичкото размислување кај студентите.
- Овозможува разбирање на демократските процеси, како и на историските и културните прилики и околности, т.е. контексти.

„Еднодимензионално образован новинар - оној кој поседува единствено технички вештини или има само теоретско знаење не е во состојба на интелигентен начин точно да ги означи „вестите“ или да го утрди нивното значење. Таквиот новинар не може да распознае што се краткотрајни трендови, а што општи теченија без да ги познава историските и културните контексти.“
(Молд, 2009:48)

European Commission

UNESCO Communication and Information Sector
United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization

SCHOOL OF JOURNALISM AND PUBLIC RELATIONS

Овој инфографикон е изработен како дел од истражувањето „Потрага по нови решенија: Креирање на идеален курикулум по новинарство за Југоисточна Европа“ кое беше изработено во рамки на проектот „Градење доверба во медиумите во ЈИЕ“.
Прочитајте ја анализата на следниот линк: http://respublica.edu.mk/attach/Potraga-po-novi-resenija.pdf

#TrustInMediaSEE